преработка и промет увоз-извоз со П О
АГРОПЛОД АД

| ПРИМЕНО: 10.07.2020 | | | |
|---|---|---|---|
| Ор. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 181/1 | | |

Врз основа на член 32 од Законот за преземање на акционерски друштва, основната Синдикална организација при работодавачот Агроплод АД Ресен (синдикалниот одбор), регистриран преку Агро Синдикатот на РСМ, Претседател Ружди Амзовски го објавува следното:

## МИСЛЕЊЕ

Од синдикален одбор на основна синдикална организација Претседател Ружди Амзовски

Во однос на понудата за преземање од Свисслион ДОО Скопје за преземање на 8364 обични акции издадени од друштвото Агроплод АД Ресен, и влијанието за работењето на друштвото, на ниво на сите друштва во кои Свисслион ДОО Скопје е доминантен сопственик Свисслион Агроплод ДООЕЛ и Свисслион Аграр ДООЕЛ е склучен колективен договор со вработените во друштвата, со што се доуредуваат и се предвидени и повеќе права за вработените од дефинираните во ЗРО, како и соработката со колективното преговарање е на високо ниво и континуирано се развива.

Во друштвата се бележи континуиран развој на нови производи , инвестиции во производни линии како и постепено покачување на платите и надоместоците на плати во минатиот период кој очекуваме како тренд дека и во иднина ќе продолжи, со што несомнено се овозможува иднина за развој на лојалноста и овозможување на кариерен развој на вработените во друштвата.

Сопственичката консолидација ќе придонесе за поголема подршка на барањата на вработените кое од друга страна ќе придонесе и за зголемување на продуктивноста, висината на платите, атрактивноста на работните услови кои континуирано се подобруваат и од аспект на безбедноста на работните места, заштитата на правата на вработените, воспоставување на критериуми за кариерен развој, воспоставување на критериуми за фер исплата на работен учинок, редовноста во исплатата на платите и надоместоците на плата како и повисок степен на уредување и развивање на работните односи.

Имајќи ги во предвид и тешките околности поради тоа што во минатиот период поради непостоење на целосна доминантна сопственост не можеа да се носат стратешки одлуки за работењето на друштвото и беа спречувани инвестициите од помалите акционери, очекуваме зголемување на обемот на инвестиции во развој на друштвото и ги подржуваме инвестициите во одржлив развој на друштвото Агроплод АД Ресен со што ќе се подобри работењето, истото ќе креира можност за зголемување на платите на вработените во зависност од економските резултати на друштвото како и продолжувањето на преговорите околу колективните договори на обостран интерес со работодавачот.

Несомнено долгорочната стратегија во друштвата каде се докапитализирани од Свисслион ДОО Скопје постои забележително побрз економски развој и унапредување на сите права на вработените за што очекуваме дека со зголемувањето на учеството во Агроплод АД Ресен позитивно ќе се одрази на целокупното работење на друштвото а индиректно и зголемување и подобрување на работните односи во друштвото.

Ресен, 10/07/2020
Бр. -----

Основна синдикална организација
Агроплод АД Ресен
Претседател
Ружди Амзовски

АГРО СИНДИКАТ
Агро-Синдикат при Агроплод АД Ресен
Скопје